Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги
- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;
- ќе ги користат само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горенаведената цел;
- ќе го ограничи пристапот кон доверливите информации само на своите вработени за кои е потребно истите да ги знаат и ќе ја запознае оваа група на вработени со обврските кои ги презел со овој договор;
- ќе ги копира репродуцира или надруг начин ќе пренесув авакви информации само до степенот до кој е тоа потребно(јасно означувајќи ја секоја копија, репродукција или пренос како доверлива) иистите ќе ги дава само на оние лица кои се за тоа овластени;
- нема да ги оддава овие информации на трета страна без претходно писмено одобрение.

**Член 8**

Вршителот се обврзува:

- да ги третира и чува како деловна тајна и да не ги открива на трети лица сите добиени информации од Корисникот кои се процесираат, чуваат или транспортираат од страна на Вршителот преку услугите кои ги обезбедува;
- да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Корисникот.
- проверка на постапувањето на Вршителот на обработката на личните податоци ја врши офицерот за заштита на личните податоци на Корисникот или од него овластено лице.
- да ги превземе техничките и организациските мерки за да обезбеди тајности заштита при обработката на личните податоци кои ги предвидел Корисникот.
-да имплементира адекватни контроли со цел заштита на доверливоста, интегритетот и расположивоста на доверливите информаци и до кои има директен или индиректен пристап.
- да обезбеди заштита и да преземе соодветни мерки за придржување кон обврските за доверливост на информациите од страна на неговите вработени кои имаат директен или индиректен пристап до доверливи информации.
- веднаш по дознавањето, да го извести Корисникот за секое кршење на обврските за доверливост согласно овој Договор или други договори склучени помеѓу Корисникот и Вршителот;
- да не ги проследи доверливите информаци и целосно или делумно до трети лица со кои соработува без претходна согласност од Корисникот;
- да издаде овластување на своите вработени за пристап до доверливите информации на Корисникот, по добиена согласност од страна на овластено лице кај Корисникот
- да ја надомести штетата предизвикана од непочитувањето на горенаведеното;

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:
Опис и количина на стоките ,како и единечна и вкупна цена за исплата, со пресметан ДДВ.

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши во рок од **60** дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Набавувачот.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 11**

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да небиде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите одовој Договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.